РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 09-533/1
22.02.2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животната средина ( „ Службен весник на Република Македонија “бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 51/11),123/12,93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192/15,39/16и99/18,,Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.89/22 и 171/22), на ден 19.02.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ на урбанистички проект Урбанистички проект (УП ) ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е 1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште ) со моќност до 2 MW на на КП 2524, КП 2525, и КП 2527 м.в.“ Трајкова куќа – КО Ресен -вон град, Општина Ресен кој се носи согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.ВесникнаРСМ32/20) не е потребно да се спроведе стратегиска оценка на влијанието на 65 од Законот за животната средина., не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен ,www.resen.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став ( 4 ) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ на урбанистички проект по член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20) Урбанистички проект (УП ) ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е 1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште ) со моќност до 2 MW на КП 2524, КП 2525, и КП 2527 м.в.“ Трајкова куќа,, – КО Ресен вон-град, Општина Ресен нема влијание врз животната средина од следните причини: Изградбата на соларни и фотоволтаични електрани од аспект на животната средина не придонесува за загадување ,уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предложениот опфат за урбанизација .Напротив , со инсталирање на овој тип на добивање на електрична енергија на индиректен начин се придонесува за намалено емисија на $CO_2$, од причина што се заменува конвенционалните начини на производство на елекрична енергија , како што се термоцентралите . согласно чл.54ст.(4) од Законот за Урбанистичко планирање , предметното земјиште кое со оваа постапка се урбанизира го задржува статусот на земјоделско земјиште , градежните активности за изведба на ваков тип на градби не вклучуваат поголеми

градежни зафати туку мали интервенции за постапување на монтажно , демонтажни конструктивни елементи .

Инвеститорот во подоцнежните фази од постапката се задолжува со изработка на Елаборат за животна средина , за чие одобрување на истиот е надлежен Градоначалникот на општина Ресен .

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Бр.** 09-533/1

**Место** Ресен

**Градоначалник на општина Ресен**

**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН • РЕСЕН •